# СОЦИЈАЛЕН И ДЕМОГРАФСКИ БАЛАНС

# МАТРИЦА - СОЦИЈАЛЕН И ДЕМОГРАФСКИ БАЛАНС

**Мисија:**

Изградба на инклузивно и одржливо општество, со фокус на трансформација на вредносниот систем и преземање на активни мерки за развој на човечкиот капитал, преку ефикасен и ефективен образован, здравствен и социјален систем, пронатални политики, активирање на потенцијалите и капацитетите на професионалната дијаспора, како и развој на туризмот преку интегрирање со културата и со другите сектори.

| Предизвици | Причини | Ефекти | Промени во општеството – системски пристап |
|---|---|---|---|
| **Ниска продуктивност на трудот** | - Ниско ниво на вештини и компетенции<br>- Ниско ниво на технолошки развој<br>- Доцнење со зелена и дигитална трансформација<br>- Ниски плати (со зголемување на платата се намалува продуктивноста)<br>- Недоволна инфраструктурна поддршка (градинки)<br>- Деформиран вредносен систем (работна етика/навики)<br>- застарената технологија<br>- Неспремност на работодавците да инвестираат во нови вештини на работниците<br>- Несоодветен поврат на вложените с-ва за активни мерки на пазарот на труд<br>-Не постои волја за инвестирање во нови технологии. | - Намален БДП и пониска стапка на економски раст<br>- Слаба конкурентност на компаниите на глобалните пазари<br>-Ограничени можности за вклучување во глобалните снабдувачки синџири<br>- висок процент невработени жени | - Стимулирање на компаниите да вложуваат во развој на човечките ресурси<br>- Институционална поддршка и инфраструктура за трансфер на технологии и знаење<br>- Промоција на доживотно учење<br>- „зазеленување“ на постојните и креирање нови зелени занимања во редовното образование<br>- Потребно е да се влијае врз мотивираноста на работниците. Истите работници во странство се попродуктивни.<br>- Програми за активација на неактивно женско население со поддршка на реалниот сектор посебно во економија на грижа<br>- Поголем фокус и инвестиции во економија на грижа од страна на државата и реалниот сектор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **- висок процент неактивни жени на пазарот на труд** | | |
| **Неусогласеност на понудата со побарувачката на вештини** | - Низок степен на образование<br>- Професионална и географска неусогласеност<br>- Ограничени можности за обука на работните места<br>- Недоволни вложувања во активни програми и мерки<br>- Мал број жени вклучени во СТЕМ<br>- Мала мобилност на работната сила<br>- Неатрактивност на одредени занимања<br>- Недостаток на статистика за квалификациите (нефункционална интероперабилност меѓу институции)<br>- Не постои систем за следење на дипломирани студенти (трејсер студии), колкава е искористеноста на стекнатите знаења и вештини<br>- Недостасува соработка на средните стручни училишта со бизнисот<br>-Перцепцијата на неформалното образование е на ниско ниво. | - Индивидуални ефекти (ниско задоволство од работата, ерозија на човеков капитал, ниски плати<br>- Ефекти за компаниите (ниска продуктивност, тешкотии за наоѓање соодветни работници, дополнителни трошоци за обука и сл.)<br>-Ефекти за општеството (намален аутпут, намалени јавни приходи, социјална исклученост и криминал) | - Елиминирање на јазовите во вештини преку примена на моделски пристап<br>- Систем за континуирано следење на диспаритетите меѓу побарувачката и понудата на вештини<br>- Образовни реформи од аспект на проектираната стопанска конјунктура<br>- Промоција на предностите на средното стручно образование<br>- Функционален систем на поголема селективност и професионално ориентација за упис во високо образование<br>- Систем на континуирана едукација на работната сила и вложување во меки вештини<br>- Зголемени издвојувања на буџетски с-ва за активни програми и мерки<br>- Програми за стипендирање жени во СТЕМ |
| **Справување со вработување во неформална економија и политички** | - Недоволна побарувачка во формалниот сектор<br>- Ниски плати<br>- Интензитет и сложеност на регулатива<br>- Прекумерно даночно оптоварување<br>- Висок степен на корупција<br>- Низок даночен морал | - Намалени јавни приходи<br>- Зголемено даночно оптоварување на формалниот сектор<br>- Намален капацитет за обезбедување јавни добра и услуги<br>- Ограничени можности за развој | - Ограничување на готовински плаќања – општество со минимум “кеш”<br>- Универзална достапност за електронско плаќање<br>- Намалување и искоренување на даночната евазија<br>- Оптимизирање на соодност поттикнување vs. казни (предимство на формализирање)<br>- Флексибилни форми на вработување за специфични |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **влијанија** | - Негативна селекција при вработување (влијание на политички, роднински врски)<br>-Деформиран вредносен систем<br>- Неплатен женски труд | на човечки капитал<br>-Намалена ефикасност на владините политики<br>- голем број жени активни во неформалната економија | сегменти (пр. онлајн работа)<br>- Независност на јавната администрација од политиката и примена на мерит-систем на наградување<br>- Политика на „нулта корупција“ при вработување во јавен сектор<br>- Таргетирани или целни програми за намалување на неформалната активност кај жените (ревизија на системот за социјално осигурување и на неговата флексибилност) |
| **Долгорочна невработеност и ерозија на човечки капитал** | - Низок степен на образование<br>- Мали можности за доживотно учење<br>- Ограничени можности за учество во активни програми и мерки<br>-Перцепцијата на неформалното образование е на ниско ниво<br>- непостоење систем за валидација на знаењата и вештините стекнати низ информално и неформално образование | - Ерозија на човечкиот капитал и намалување на атрактивноста на понудата на пазарот на труд<br>- Намален БДП заради неискористени трудови ресурси<br>- Опасност од ‘lock-in’ ефект при излез од невработеност<br>-Ризик од вклучување во неформална вработеност | - Развој на кратки програми за преквалификација во рамки на стручното образование<br>- Зголемено таргетирање на долгорочно невработените во активни програми и мерки<br>- Промоција на доживотно учење<br>- Промоција на социјалното претприемништво<br>- Закон за образование што воведува валидација на знаења и вештини |
| **Емиграција, „одлив на мозоци“ и привлекување стручен кадар од странство** | - Push/pull фактори<br>- Низок животен стандард на населението<br>- Мали можности за кариерен развој<br>- Нефункционална правна држава<br>- Непостоење на стратегија за меѓународна конкурентност на македонскиот пазар на труд<br>- Нефлексибилен банкарски систем за прием на плати од странство<br>- Не се следат миграциските политики на другите држави<br>- Освен надворешната миграција, проблем претставува и внатрешната миграција и | - Намалени развојни потенцијали<br>- Недостаток на работна сила со соодветни вештини<br>- Пораст на цените кај некои производи и услуги<br>- Зголемени финансиски дознаки од странство<br>-Тешкотии да се планираат идните потреби во општеството (особено кај циркуларна миграција) | - Поволности за инвестирање од страна на повратници од странство<br>- Промовирање можности за кариерен развој на младите<br>- Конвергенција на животниот стандард кон просекот на ЕУ<br>- Создавање предуслови за владеење на правото<br>- Справување со корупцијата (политика на „нулта корупција“)<br>- Поттикнување на повратните миграции преку подобрување на атрактивноста на државата<br>- Точни и детални статистики за надворешните миграции<br>- Систем за привлекување на стручен кадар од странство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | концентрација на населението во големите градови.<br>- Низок квалитет на живот (здравство, животна средина и сл.)<br>- Високо ниво на корупција<br>- Тренд помеѓу населението<br>- Големо ниво на загадување<br>- Иселувањето како мода.<br>- Деформиран вредносен систем<br>- Отсуство на податоци за нашите студенти кои студираат во странство.<br>-Отсуство на стратегија за интеграција на странци | | за потребите на пазарот на труд и нивна интеграција во општеството<br>- Систем за следење на кариерниот напредок на младите момчиња и девојки што се иселиле од државата<br>- Мерки како да се вратат иселените лица, пред сѐ продуктивните.<br>- Промена на начинот на размислување и перципирање на емиграцијата како мода. |
| **Ранливи категории на пазарот на труд** | - Низок степен на образование<br>- Мали можности за стекнување со вештини и компетенции<br>- Слаб капацитет на системот за социјална заштита и Центрите за вработување за активација на корисниците на ГМП на пазарот на труд<br>- Неимплементација на моделот „управување со случај“ предвиден во Законот за социјална заштита<br>-<br>-Неразвиено социјално претприемништво и нерегулирани форми на социјални претпријатија | - Пораст на буџетски издвојувања за социјални трансфери<br>- Зголемен ризик од сиромаштија и социјална исклученост<br>-Социо-патолошки појави (алкохолизам, злоупотреба на droги, криминал и сл.) | - Индексирање на социјалните трансфери со порастот на инфлацијата<br>- Условеност на социјалните трансфери со мерки за активирање на пазарот на труд<br>- Промоција на социјалното претприемништво<br>- Креирање активациска програма насочена на активација на корисници на ГМП со придружни елементи на поддршка на жените од домаќинствата<br>- Воведување поголема флексибилност во Законот за социјална заштита преку овозможување на вработување на децата над 18 години од семејствата примателиi на ГМП, а притоа домаќинството да остане во системот. |
| **Ефикасност и одржливост на системот за** | - Финансиски неодржливи социјални политики<br>- Третирање на социјалната заштита како популистичка мерка и злоупотреба од | - Голем број домаќинства се погодени од сиромаштија и социјална исклученост<br>- Појава на криминал, | - Активација на населението во работна сила, со што би се намалиле трошоците за социјална заштита.<br>- Политика на целосна инклузивност т.е. да не постојат |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **социјална заштита** | страна на политиката<br>- Недоволна усогласеност меѓу различните видови социјална помош<br>- Нецелосна имплементација на процесот на деинституционализација<br>- Недоволен број на јавни институции за згрижување на старо население<br>-Отсуство на закон за социјално претприемништво | малолетничка деликвенција, питачење и сл. со цел да се задоволат егзистенцијални потреби<br>- Лица вон евиденција на системот т.н. „фантоми“ и проблеми поврзани со документација<br>- Зголемен ризик за неактивност и неискористеност на човековите ресурси<br>Помали можности за вклучување во високо образование и кариерно напредување | лица надвор од системот<br>- Флексибилен, одржлив систем на социјална заштита да биде ставена во функција на економијата<br>- Донесување закон за социјално претприемништво<br>- Развој и инвестиции во економија на грижа |
| **Одржливост на пензискиот систем** | - Трендот на стареење на населението континуирано придонесува за зголемување на бројот на пензионери<br>- Редуцирањето на работната сила ги намалува потенцијалните приходи во Фондот за ПИО<br>- Дефицитот во Фондот за ПИО претставува оптоварување за централниот буџет<br>- Неефикасност на вториот и третиот столб во пензискиот систем<br>- Условите за пензионирање не се прилагодени на концептот за активно стареење<br>-Висината на пензиите нецелосно ги покрива трошоците за живот | - Ниски пензии кои не ги покриваат основните егзистенцијални потреби<br>- Ризик од неодржливост на дефицитот во Фондот за ПИО<br>-Ранливост на пензискиот систем во услови на кризи (пандемија, енергетска криза и сл.) | - Систем на одржливо планирање на финансиските текови во Фондот за ПИО<br>- Креирање алтернативни сценарија за идните движења на бројот на пензионери и флексибилност на системот<br>- Евалуација на вториот и третиот столб во пензискиот систем<br>- Ефективна и флексибилна легислатива(лица кои оствариле право на пензија да можат истовремено да работат и да земаат пензија)<br>- Донесување достоинствено ниво на најниска гарантирана пензија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобри здравствени индикатори за Македонија** | -нема системско следење на квалитетот на здравствените услуги<br>-мал обем на потребни апарати за дијагностика и недоволно обучен кадар(надвор од главниот град)<br>-нема системско планирање на продукција на потребен медицински кадар(голем број на високо образовни институции)<br>-инфраструктура наследена од Југославија при различна демографија/приоритети<br>-преголем фокус на терцијалната здравствена заштита (концентрирана на Универзитетскиот клинички центар, покажува знаци на нефункционалност и дезинтеграција што доведува и до зголемени административни трошоци)<br>-нефлексибилност на системот наспроти листите на чекање<br>- Континуирано преминување на медицински кадар од јавното во приватното здравство<br>- Недоволен број на високо стручен и образовен медицински кадар<br>-нема координирана работа помеѓу системите<br>-Недостаток на превентивен кадар<br>-Нема координирана работа меѓу „мој термин“ со Институтот за јавно здравје | -премногу болници и нивна географска дистрибуција,<br>-неискористени болнички капацитети, лекари и помошен персонал во однос на вкупниот број на населението<br>- долги листи на чекање за одредени здравствени услуги<br>-миграција на здравствени работници<br>- голем број на невработени стоматолози<br>-недоволен број на медицински сестри<br>- Високо незадоволство на пациентите од лошите услови во здравствените установи и несоодветните здравствени услуги | - обезбедување на достапна и квалитетна здравствена услуга за секој жител вклучувајќи ги жените, мажите, децата и ранливите групи граѓани<br>-ефикасен и функционален национален Клинички центар (на една локација со ефикасен менаџмент) со целосна опременост и спроведување на најкомплексни дијагностики и третмани<br>- зајакнување на сите регионални клинички болници и формирање нова за Скопје со опремата и кадарот потребен за целосно покривање на потребите на населението од целиот регион<br>-трансформација на вишокот инфраструктурни капацитети на општите болници и здравствените домови<br>-зајакнување на капацитетите (опремата и кадарот)на брзата помош и превентивните тимови за потребите на населението од сите возрасти<br>-планирање на образовниот систем и продукција на потребен медицински и помошен кадар по региони и по профили<br>-квалитет да е единствен услови за упис на медицинските факултети, за дипломирање, специјализирање и вработување<br>- Дигитализација на целиот здравствен систем и обезбедување на регистри по дијагнози<br>- Поголема контрола на МЗ за вршење на здравствени услуги по доктор/ка<br>- Зајакнати политики за репродуктивното здравје<br>- ревидирање на превентивните здравствени програми и воспоставување нов современ систем за превенција што ги согледува и ги превенира современите здравствени ризици |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Финансиски неодржлив јавен здравствен систем** | -не постои соодветна национална стратегија за воспоставување на одржлив систем на финансирање на здравството<br>-низок % од БДП, од Буџет кој се одвојува за јавно здравство<br>-гломазна и неефикасна здравствена инфраструктура која троши повеќе<br>-парцијални, а не системски одлуки за финансирање на здравствениот систем<br>- Мал број на осигуреници за финансирање на здравствениот систем. | -високо задолжени јавни здравствени установи<br>-недостаток на лекови<br>-недостаток на медицински материјали<br>-висок процент на плаќање од џеб (приватни плаќања)<br>-недоволно платени и немотивирани здравствени работници<br>- се поголем број на приватни здравствени услуги во јавните установи<br>-долги листи на чекање за здравствени услуги<br>- Високо незадоволство на пациентите од лошите услови во здравствените установи и несоодветните здравствени услуги<br>-Континуирано преминување на медицински кадар од јавното во приватното здравство<br>- Недоволен број на високо стручен и образовен медицински кадар | -да нема потреба осигурениците да купуваат приватно лекови и потрошни материјали и да се намалат приватните здравствени услуги во јавно здравство<br>-да нема долги листи на чекање за преглед и лекување<br>-да се обезбеди најсовремена апаратура и лекови<br>- Имплементиран систем “задоволен пациент”<br>-систем на обезбедување одржливо финансирање за јавно здравство од Буџетот на државата како % од Буџетот и % од БДП и намалување на приватните плаќања или воведување на основен здравствен пакет за оние што плаќаат здравствено осигурување и потесен здравствен пакет оние кои не плаќаат здравствено осигурување<br>-задоволен и мотивирачки платен медицински кадар, но забрана да работат во приватни установи, како и зајакнати норми задавање приватни услуги во јавните установи<br>- Обезбедување здравствено осигурување без разлика дали некој има платено здравствен придонес, дали е стечаец итн.<br>-Функционален реципроцитет во однос на лекување на странци<br>- Флексибилен јавен здравствен систем кој нуди услуги и за странски пациенти<br>- воспоставување систем за здравствено осигурување и породилно отсуство кај жените земјоделки |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Неефикасен јавен здравствен систем** | -нема континуирано обезбедена здравствена статистика за следење на ефикасност и квалитет на услуги<br>-нема следење на здравствени индикатори на системот и на населението<br>- незаинтересираност на надлежните институции за следење на ефикасноста на системот и за спроведување на промени<br>-непостоење на критериуми за следење на успешност на менаџерите на јавните здравствени установи и врз основа на тоа нивно назначување и разрешување<br>-финансирање на неодржливи јавни здравствени установи (загубари) без никакви планови за промени<br>-непостоење на ефикасен систем за санкционирање на корупцијата во здравството<br>-нема систем за следење на хигиената во здравствените установи<br>- недоволна палијативна нега<br>- недоволен број на инспектори за контрола на квалитетот на услугата, за условите за работа, за почитување на протоколите<br>- застарена инфраструктура во примарното здравство<br>- Нерационално трошење на с-ва од буџет за Фонд за здравство, лошо менаџирање на јавното здравство.<br>- Преоптовареност на здравството со непотребен кадар. | -потценето користење генерики на лекови<br>-повисоки (отколку потребно) цени на лекови<br>-неадекватно и неефикасно користење на лековите<br>-прекумерно користење на здравствени услуги/продукти или понуда на опрема, испитувања и процедури<br>-неадекватен или скап состав на вработени, не мотивирани работници<br>-неадекватни болнички приеми и должина на престој<br>-неадекватна големина на болниците (ниска искористеност на инфраструктурата)<br>- нема следење и мерење на медицински грешки и субоптимален квалитет на нега<br>- корупција<br>-Високо незадоволство на пациентите од лошите услови во здравствените установи и несоодветните здравствени услуги | - мапирање и прилагодување на здравствената мрежа според број на население и потреби.<br>- реорганизирање на здравствените институции/инфраструктура по региони во функција на потребите на населението, но запазувајќи ја економичноста и квалитетот на услугите<br>-ефикасност наспроти политичка мотивираност за стратешките одлуки во здравството<br>- реформи во начините на плаќање/стимулирање на здравствените установи и медицинскиот кадар<br>- Финансирањето во здравството да биде врз основа на резултати.<br>-Мерливост на индикатори за учинокот во здравство преку дигитализација<br>- Мобилност на здравствениот кадар по градови согласно потребите на населението<br>- Зајакнување на улогата на матичните лекари да обезбедуваат повеќе здравствени услуги и полесно препишување на лекови<br>- функционална Клиничка болница во Скопје<br>- Преструктуирање на Фондот за здравство и надминување на проблемот на превработеност<br>-надминување на проблемот со превработеност во јавно здравство со административен кадар |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Здравствениот систем не е флексибилен за да ги задоволи потребите на сè побројното старо население** | -нефлексибилна здравствена инфраструктура<br>- Миграција<br>- Подолг живот век на популацијата<br>-Намален наталитет<br>-нема стратегија<br>- слаб одговор на здравствениот систем во случаи на родово базирано насилство | - ограничен здравствен капацитет за нега за стари лица<br>- ограничен здравствен капацитет за палијативна нега<br>- развој на приватни центри за нега<br>- висока побарувачка на медицински кадар за нега на стари лица во домашни услови | - Претворање на непотребните/неискористени инфраструктурни капацитети на општите болници и дел од здравствените домови во домови за стари лица<br>- Трансформација на празните капацитети на гинеколошките и педијатриската одделенија во насока на здравствена нега на стари лица (палијативни услуги)<br>- - воспоставување регионални центри за одговор на родово базирано насилство вклучувајќи и сексуално насилство<br>- Организиран и одржлив систем за обука на медицинскиот кадар за справување со современите здравствени ризици |
| **Системска дигитална трансформација и поврзување во секторите туризам и култура** | Непостоење на една институција која ќе ги обединува двата сектори<br><br>Бази на податоци по сектори<br><br>Неповрзаност на стејкхолдери<br><br>Парцијална анализа на податоци (економски, социо-културни, еколошки)<br><br>Дигитализираниот туристички сектор не иновира и генерира нови деловни можности за да обезбеди континуирана конкурентност, раст и одржлив развој на секторот | Слаб менаџмент на дестинации<br><br>Туристички производи кои не ги користат потенцијалите<br><br>Нецелосна слика за степенот на задоволство на туристите<br><br>Ограничена дисеминација на неопходните информации до туристите при планирањето на нивните патувања<br><br>Нема туристичка понуда базирана на податоци поврзани во систем како Интернет на нештата“ (InternetofThings)<br><br>Слабо користење на постојните системи за резервации во туризмот | • Унапредување на системите за туристички развој<br>• Дизајнирање и користење на платформи за менаџмент на дестинации<br>• Креирање на апликации со содржини за туристите достапни со помош на AI<br>• *Смарт* туризам во *смарт* дестинации, односно, воведување на системот Интернет на нештата“ (IoT) кој ќе ги обедини податоците и информациите од различните видови на објекти во културата и туризмот<br>- Дигитализација на културното наследство (почнувајќи од базите и податоците од културните установи, а потоа во насока на промоција за туризам) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | за анализи поврзани со потрошувачката<br><br>Непостоење на ТСС (TSA) туристичка сателитска сметка<br><br>Процент на население кои ги користи платформите за споделување за услуги поврзани со патување и сместување (пример Airbnb) - овој индикатор го мери ЕУРОСТАТ за земјите на ЕУ, но се уште не се мери за Северна Македонија | |
| **Одржлив и одговорен туризам преку поврзување на заштитата на културното наследство и туризмот** | Урбанистичко планирање кое не води сметка за конзерваторските основи и валоризацијата на културното наследство<br><br>Слаб механизам за контрола врз активностите кои го засегаат културното наследство<br><br>Не се стимулираат туроператорите за дојдовен туризам<br><br>Отсуство на стратегија во туризмот<br><br>Немерливост на ефектите од политиките<br><br>Силен степен на интернационализација и културна хегемонија<br><br>Економски и социјален притисок врз маргинализираните заедници | Урбана деградација на стари културни јадра во градовите и населбите<br><br>Оштетување или губење на културното наследство<br><br>Губење на локалната култура, идентитет и диверзитет<br><br>Недоволна економска валоризација на конзервацијата и заштитата на културното наследство<br><br>Слаба презентација на суштинските вредности на културното наследство<br><br>- | • Одговорен и одржлив туризам кој ги зајакнува културните особености и ги претвора во туристички вредности<br>• Ревитализација на културното наследство преку вклучување во туристичката понуда<br>• Создавање поволни услови за рамномерен развој на туризмот со почитување на принципите на локална партиципативност,  родова еднаквост , социјална инклузивност и мултикултурна интеграција<br>- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Владина поддршка и инвестиции во културниот туризам** | Слаба координација во субвенционирањето во туризмот и инвестициите во културата и културното наследство<br><br>Непрепознавање на жените како одржувачи на културното наследство<br><br>Несоодветна туристичка валоризација на локалитетите со културно наследство | Културни манифестации без туристичка валоризација<br><br>Отсуство на анализи околу економските ефекти на инвестициите во културното наследство<br><br>Недостаток на туристичка инфраструктура во местата со значајно културно наследство | • Субвенции и инвестиции кои ќе имаат значителни економски ефекти во развојот на подрачјата со културно наследство од особено значење<br>• Даночни олеснувања во културата при инвестиции од областа на културното наследство (реставрација) |
| **Нови дестинации и промени во обрасците на патување** | Тектонски геополитички промени<br><br>Тековно следење на конкурентноста на македонскиот туризам и тековните промени во светот<br><br>Слаба диверзификација на туристичката понуда<br>Неразвиен рурален туризам | Динамични нови туристички пазари кои ја заобиколуваат Северна Македонија<br><br>Нема иновативност во креирањето на туристичките производи<br><br>Туристички производи кои се со ниска атрактивност | - Производи на културниот туризам конкурентни во европски рамки и пошироко<br>- Диверзификација на туристичката понуда преку иновативни решенија и развој на видови туризам со висок квалитет кој ги вклучува жените како носителки на развој на руралниот туризам |
| **Технолошки развој во функција на туризмот** | Културен туризам што се базира на стандардни модели<br><br>Недоволна застапеност на сите категории на туристи по возраст | Недоволна искористеност на можностите што ги носи технолошкиот развој во културниот туризам<br><br>Доминација на туристи од повозрасни старосни категории | • Користење на AR/VR/XR во културниот туризам кој ќе им овозможи на туристите единствено доживување на сите групи на туристи<br>- Развивање форми на виртуелен туризам како промотивна содржина |